# ВОВЕД

## ДРАГИ НАШИ,

Со првите пролетни денови ви нудиме уште едно дружење со весникот Фармацевтски информатор. Следејќи ги вашите желби, сугестии и препораки и овој пат се потрудивме да обезбедиме мноштво интересни и актуелни теми за кои сме повеќе од сигурни дека ќе ја заинтригираат, не само фармацевтската, туку и целокупната јавност.

Во ова издание на Фармацевтскиот информатор го објавуваме интервјуто со м-р Маја Парнарџиева-Змејкова, директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Во него таа говори за многу актуелни теми, како што е електронското доставување фактури на аптеките преку веб-порталот на Фондот, за новините во договорите на ФЗОМ со аптеките за 2014 година, за континуираното намалување на референтните цени на лековите, како и за електронската контрола на МКБ-10 шифрите за дијагнозите на лековите од позитивната листа. Парнарџиева-Змејкова дава и пресек на заедничките проекти реализирани во соработка со Фармацевтската комора на Македонија.

Доцент д-р Александра Ѓрозданова од Фармацевтскиот факултет пишува за една многу актуелна тема, која деновиве особено е експлоатирана во јавноста, а тоа се вакцините. Во темата со наслов „Вакцини - придобивка од минатото и потреба на современото здравство", таа детално ги анализира придобивките од вакцинацијата како цивилизациска мерка за заштита на здравјето на луѓето.

Во најновото издание на Фармацевтскиот информатор пишуваме и за рационалната употреба на лековите, како дел од Стратегијата за лекови на Република Македонија. Во текстот се нагласува дека Министерството за здравство со сите засегнати страни презема активности за подобрување на актуелните состојби поврзани со РУЛ, а во насока на зачувување и унапредување на јавното здравје.

Драги читатели, ве повикуваме и натаму, како и досега, да ни пишувате, да ни давате инвентивни предлози, а ние ќе ги прифаќаме сè со цел вашиот и наш Фармацевтски информатор да биде што попривлечен за поширока публика

*Уредувачки одбор*

# СОДРЖИНА


06 Интервју: М-р Маја Парнарџиева-Змејкова, директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

**ЗАДОВОЛСТВОТО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ Е РЕПЕР ЗА УСПЕШНОСТА НА РЕФОРМИТЕ ШТО ГИ СПРОВЕДУВАМЕ**

13 **РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА ЛЕКОВИ**

20 **СТРУЧЕН НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО ФАРМАЦИЈАТА**

28 **УЛОГАТА НА ФАРМАЦЕВТОТ ВО РАЦИОНАЛНАТА УПОТРЕБА И ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЦИОНАЛНАТА УПОТРЕБА НА ЛЕКОВИ**

47 **ВАКЦИНИ - ПРИДОБИВКА ОД МИНАТОТО И ПОТРЕБА НА СОВРЕМЕНОТО ЗДРАВСТВО**





**Уредувачкиот одбор на Фармацевтската комора на Македонија не учествува во креирањето на ставови изнесени во комерцијалните текстови на весникот**



ИЗДАВАЧ:
Фармацевтска комора на Македонија
ул. „50 Дивизија" бр. 34 Скопје
тел: 02 3 217 614
02 3 217 637
02 3 217 745
факс: 02 3 217 637
e-mail: info@fk.mk

web: www.fk.mk



УРЕДУВАЧКИ ОДБОР:
Маја Ковачева, фарм. спец. • Проф. д-р Рената Славевска-Раички • м-р Верица Ивановска • Јасминка Патчева фарм. спец. • Михаил Минов, фарм. спец. • Елизабета Белазелкоска Ива Јовановиќ



ЗА ИЗДАВАЧОТ:
Доц. д-р Бистра Ангеловска

ГЛАВЕН УРЕДНИК:
Маја Ковачева, фарм. спец.

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ПЕЧАТ:
Сфера принт & маркетинг

ЛЕКТОР:
Валентина Бачваровска